Американска стопанска комора
Северна Македонија

# Препораки за Нацрт-Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво

Скопје, јули 2025

Американската стопанска комора во Северна Македонија е бизнис асоцијација на над 150 членки од најразличен спектар на бизниси, од мали претпријатија и локални компании до големи странски инвеститори, кои заедно обезбедуваат вработување за повеќе од 42.000 лица и остваруваат годишен приход повисок од 9 милијарди американски долари. Американската стопанска комора служи како платформа за застапување, вмрежување, размена на знаења и споделување најдобри практики со цел заедничко креирање на подобро деловно опкружување во земјата.

Американската стопанска комора во Северна Македонија е акредитиран член на Стопанската комора на Соединетите Американски Држави и на мрежата на Американски стопански комори во Европа, организација која претставува 50 Американски стопански комори од 48 земји во Европа и Евроазија.

## Препораки во однос на Нацрт- Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво

Американската стопанска комора во Северна Македонија ја поздравува иницијативата за подготовка на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво. Со цел да придонесеме во креирањето на применлива регулатива која ќе понуди соодветен одговор на актуелните предизвици во областите кои се уредуваат, во продолжение ги споделуваме нашите препораки околу содржината на Нацрт-законот.

### Утврдување на јасни дефиниции

Членот 3 кој содржи поимник на термините кои се користат во овој закон, во став 1, алинеја 4 и алинеја 13, нуди 2 различни дефиниции за „претприемништво“. За да се избегне ризикот од потенцијални нејаснотии, неопходно е да се наведе една дефиниција и соодветно да се ревидира и дефиницијата за „претприемач“ во истиот член.

Исто така, постои простор за појаснување и разграничување на активностите кои претставуваат иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемничка дејност во членовите 5, 6 и 7 соодветно. За илустрација, како еден од примерите за иновациска дејност во член 5, имаме „усвојување и примена на глобални научно-технолошки know-how“, што би требало да биде дел од дефиницијата за научно-технолошки развој. Слично на тоа, во член 6, наведено е дека научно-технолошкиот развој, вклучува и процес на создавање иновации, односно нови производи, услуги или процеси. Дополнително, членот 6 содржи и мошне рестриктивни согледувања за тоа што се смета за развој во инфраструктурата, образованието, медицината, земјоделството и другите наведени области. Во практика, научно-технолошкиот развој вклучува многу други производи и услуги, кои не се дел од оние кои се таксативно наведени во овој член и затоа, предлагаме да се воведат пошироки категоризации за развојот во овие области. Понатаму, предлагаме и ревидирање на членот 7 во кој, според актуелната формулација, како претприемничка дејност се наведени активности кои всушност претставуваат мерки за нејзина поддршка.

**Предвидување обврска за донесување на Стратегија за заштита на интелектуална сопственост**

Членот 21 од Нацрт-Законот ги уредува националните стратегии кои Владата треба да ги донесе со цел да се обезбедат системски услови за развој, создавање и имплементација на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото. Со оглед на суштинското значење што интелектуалната сопственост го има за поттикнување на иновациска дејност, а во насока на остварување на целите кои се очекува да се остварат со донесувањето на овие стратегии, предлагаме, покрај нивното, да се предвиди и донесувањето на Стратегијата за заштита на интелектуалната сопственост.

**Уредување на позицијата на Државниот завод за индустриска сопственост**

Во Нацрт-законот отсуствува уредување на позицијата на Државниот завод за индустриска сопственост како дел од институционалната рамка за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност. Со оглед на улогата на заводот во стекнувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост, а со тоа и заштита на иновациите, како и други активности кои произлегуваат од Законот за индустриска сопственост, оценуваме дека е неопходно да се предвидат негови јасни надлежности и обврски и во овој закон. Во истата насока, предлагаме и вклучување на директорот на Заводот за индустриска сопственост во Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, како и претставник на заводот како член на Управниот одбор на Агенцијата.

**Промени во уредувањето на субјектите за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност**

Членовите 13-17 ги уредуваат делокругот на надлежности и начинот на основање на субјектите кои обезбедуваат инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност, односно: деловно-технолошки инкубатор, деловно-технолошки акцелератор, научно-технолошки парк, центар за трансфер на технологии и Национална канцеларија за трансфер на технологии. Притоа, наведено е дека овие субјекти може да се основаат според Законот за трговски друштва и/или Законот за здруженија и фондации.

Според нас, штом субјектите не се основаат со овој закон, нивното уредување во овој закон не е неопходно. Отстранувањето на членовите 13-17 од Законот воопшто не значи дека ќе изостане потребната поддршка за иновациска дејност, туку напротив, со тоа ќе се обезбеди поширок простор за изнаоѓање креативни модели и механизми за нејзино обезбедување во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за здруженија и фондации и други закони.

Од друга страна, доколку некој од субјектите кои се уредуваат во членовите 13-17 е оценет како суштински за спроведувањето на овој Закон, сметаме дека неговото основање и надлежности треба да бидат регулирани со овој Закон без да се предвидува можност таквиот субјект да биде формиран според друг закон.

**Уредување на големите претпријатија како потенцијални корисници на поддршка**

Земајќи ја предвид претприемничката природа на активностите на големите претпријатија, како и нивните значителни инвестиции во иновации и научно-технолошки развој, неопходно е закон од овој тип да предвидува и мерки за поддршка на големите претпријатија. Со оглед на тоа што членот 4 уредува дека Законот ќе се применува на сите постапки за доделување државна поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, а членот 18 ги предвидува единствено микро, малите и средните претпријатија како субјекти кои би можеле да примаат поддршка за нивниот развој, предлагаме дополнување на членот 18 со можност и големите претпријатија да се јават како корисници на ваков вид поддршка. Соодветно на ова, оценуваме дека е потребно да се дополни и членот 19.

Важно е да се земе предвид дека предложените дополнувања, освен што би овозможиле обезбедување на потребната поддршка за големите компании, како активни чинители во иновацискиот и научно-технолошки екосистем, би имале позитивен ефект и врз пошироката заедница поради потенцијалот за пронаоѓање и комерцијализација на нови, подобрени производи и услуги, вклучително и во егзистенцијални области како фармација и медицина.

Притоа, напоменуваме дека со соодветно планирање на ресурсите и јасно дефинирање на условите за аплицирање на јавните повици за добивање поддршка за иницијативи за апликанти со различна големина, предвидувањето на големите претпријатија како потенцијални корисници на поддршка не би претставувало конкуренција за другите претпријатија. Напротив, ваквото решение би обезбедило можност за заеднички развој и напредок на сите економски субјекти, земајќи предвид дека токму големите претпријатија често обезбедуваат поддршка за микро, малите и средните претпријатија, преку нивно вклучување во (глобалните) синџири на снабдување, обезбедување поголема видливост, инвестирање во нивниот развој и сл.

**Уредување на соработката на Агенцијата со други субјекти**

Во членот 29 кој ја уредува соработката на Агенцијата со други институции чиј предмет на работа е поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој или претприемништвото, предлагаме, наместо „институции“ да се користи терминот

„организации“. На овој начин, покрај субјекти од јавниот сектор, оваа одредба би оставила можност Агенцијата да остварува соработка со трговски друштва, граѓански организации, фондации или други субјекти кои обезбедуваат поддршка за иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

Со оглед на природата на соработката која би ја остварувала Агенцијата со ваквите организации, предлагаме договорите со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски, задолжително да содржат одредби и за правата од интелектуална сопственост. Во таа насока, предлагаме во член 29, став (2), да се додадат правата на интелектуална сопственост како дел од стандардната содржина на ваквите договори.